**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 39 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 186/13)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Кредитниот регистар), преку дефинирање на:

- видот на податоците и информациите коишто се доставуваат до Кредитниот регистар;
- начинот и роковите за доставување на податоците и информациите до Кредитниот регистар;
- начинот и условите за користење на податоците и информациите од Кредитниот регистар.

2. Кредитниот регистар претставува база на податоци и информации за кредитната изложеност на банките и штедилниците во Република Македонија кон нивните клиенти, чијашто основна намена е да придонесе за подобрување на квалитетот на кредитите и за одржување на стабилноста на банкарскиот систем. Кредитниот регистар е збирка на лични податоци, чијшто контролор е Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

Целта на Кредитниот регистар е да овозможи:

- централизирање на податоците и информациите за кредитната изложеност кон клиентите, доставени од страна на банките и штедилниците;
- користење на податоците и информациите за кредитната изложеност кон клиентите, од страна на банките и штедилниците, за потребите на управувањето со кредитниот ризик;
- користење на податоците и информациите за кредитната изложеност кон клиентите, на одделните банки и штедилници и банкарскиот систем во целина, од страна на Народната банка, за потребите на вршењето на супервизорската функција.

3. Одделни термини употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

3.1. Под „банка" се сметаат банките и филијалите на странски банки основани во Република Македонија согласно со Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13).

3.2. Под „кредитна партија" се подразбира секој договор за кредитна изложеност којашто е предмет на класификација, согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик.

3.3. Под „трговци на мало" се подразбираат трговците-поединци и физичките лица кои, согласно со Законот за трговски друштва, не се сметаат за трговци.

3.4. За терминот „резидент" се применува значењето утврдено со Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11 и 135/11).

За термините коишто не се дефинирани во оваа одлука се применува значењето утврдено со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик.

## II. ВИД НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ КОИШТО СЕ ДОСТАВУВААТ ДО КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

4. Банките и штедилниците доставуваат до Кредитниот регистар податоци и информации за:

- идентификување на клиентот (матичен број, даночен број, дејност, седиште и слично);
- изложеност по кредитна партија (износ, структура, квалитет, обезбедување, намена и слично);
- усогласеност на девизната позиција;
- намена на одобрениот кредит во девизи на резиденти (за плаќање во странство и за плаќање во земјата);
- намирување на обврските;
- отпишани побарувања;
- други податоци и информации поврзани со видот, намената и карактеристиките на кредитната изложеност и/или клиентот.

Податоците и информациите од ставот 1 од оваа точка се подетаљно утврдени со Упатството од точката 13 од оваа одлука, коешто ќе биде донесено од гувернерот на Народната банка.

5. Банките ги доставуваат податоците и информациите за кредитната изложеност од точката 4 од оваа одлука, поединечно за сите:

- домашни и странски банки;
- нерезиденти;
- домашни небанкарски финансиски институции;
- домашни нефинансиски правни лица со вкупна кредитна изложеност над 300.000 денари; и
- домашни физички лица и трговци на мало, со вкупна кредитна изложеност над 5.000 денари.

Штедилниците се должни да ги доставуваат податоците и информациите од точката 4 од оваа одлука, поединечно за сите правни лица со вкупна кредитна изложеност над 50.000 денари и за сите физички лица и трговци на мало со вкупна кредитна изложеност над 5.000 денари.

Банките и штедилниците ги доставуваат збирно сите изложености коишто не ги надминуваат лимитите од ставовите 1 и 2 од оваа точка, со примена на правилата пропишани со Упатството од точката 13 од оваа одлука, коешто ќе биде донесено од гувернерот на Народната банка.

## III. НАЧИН И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ДО КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

6. Банките и штедилниците се должни да доставуваат податоци и информации до Кредитниот регистар.

Податоците и информациите од точката 4 на оваа одлука се доставуваат по електронски пат, со помош на посебна апликација изработена од страна на Народната банка.

7. Банките и штедилниците се одговорни за точноста на податоците и информациите коишто се доставуваат до Кредитниот регистар.

Ако клиентот - физичко лице приложи докази до банката или до штедилницата дека неговите лични податоци во Кредитниот регистар се нецелосни, неточни или неажурирани, на негово писмено барање, банката или штедилницата е должна да ги дополни или да ги измени податоците, да ги избрише и истовремено да ги замени со точни податоци, или да го сопре користењето на нецелосните, неточните или неажурираните податоци и истовремено да ги замени со точни податоци.

Банките и штедилниците се должни да ја извршат замената со точни податоци од ставот 2 од оваа точка, во првиот нареден период на доставување на податоците и информациите до Кредитниот регистар.

8. Рокот за доставување на податоците и информациите до Кредитниот регистар од страна на банките и штедилниците е определен во Упатството од точката 13 од оваа одлука, коешто ќе биде донесено од гувернерот на Народната банка.

## IV. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ОД КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

9. Пристапувачот до податоците и информациите на Кредитниот регистар е со проверена автентичност, а пристапот е авторизиран и евидентиран.

10. Банката или штедилницата може да ги користи сите податоци и информации од Кредитниот регистар коишто се однесуваат на нејзината кредитна изложеност.

Банката или штедилницата може да ги користи агрегираните податоци и информации, коишто се подетаљно утврдени со Упатството од точката 13 од оваа одлука, што ќе биде донесено од гувернерот на Народната банка за клиентите за кои пријавила изложеност со состојба на датумот на последното доставување на податоците до Кредитниот регистар.

Банката или штедилницата може да ги користи агрегираните податоци и информации од ставот 2 од оваа точка и за:

- лицата кон кои банката или штедилницата нема воспоставено кредитна изложеност, само доколку тие лица поднесле барање до банката или штедилницата за одобрување кредитна изложеност во период од најмногу 30 дена пред банката или штедилницата да се обрати до Кредитниот регистар за добивање податоци за тие лица и за тоа треба да обезбеди документиран доказ;
- лицата кон кои банката или штедилницата нема воспоставено кредитна изложеност, но се жиранти, кокредитобаратели или лица поврзани со лицата од претходната алинеја од овој став;
- лицата кон кои банката или штедилницата нема воспоставено кредитна изложеност, но се жиранти, кокредитобаратели или лица поврзани со клиентите кон кои банката или штедилницата има воспоставено кредитна изложеност.

Банките и штедилниците може да ги користат податоците и информациите од Кредитниот регистар само доколку имаат документиран доказ за лицата од ставот 3 алинеи 2 и 3 од оваа точка.

11. Агрегираните податоци и информации од Кредитниот регистар од точката 10 од оваа одлука им се достапни на банките или штедилниците, најдоцна во рокот определен во Упатството од точката 13 од оваа одлука, коешто ќе биде донесено од гувернерот на Народната банка.

12. Податоците и информациите од Кредитниот регистар претставуваат класифицирани информации.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

13. Гувернерот на Народната банка со упатство го пропишува спроведувањето на оваа одлука, односно видот, начинот и роковите на доставување и користење на податоците и информациите до/од Кредитниот регистар од страна на банките и штедилниците.

14. Банките и штедилниците се должни да назначат овластени лица за доставување и користење на податоците и информациите до/од Кредитниот регистар и да ја известат Народната банка во рок од пет (5) работни дена од денот на назначувањето.

Банките и штедилниците се должни да ја известат Народната банка за секоја промена на лицата од ставот 1 од оваа точка, во рок од пет (5) работни дена по настанувањето на промената.

15. Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/11).

16. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, одредбите од точката 4 алинеи 4 и 5 од оваа одлука ќе почнат да се применуваат од 1 декември 2014 година.

**О бр. 02-15/XIV-1/2013**
**26 декември 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**